# ПРИЈАВУВАЊЕ

**Заинтересираните кандидати треба да пополнат**

1.пријава во писмена форма,
2.потврда за редовен студент (оригинал) и преведена на англиски јазик од судски преведувач
3. фотокопија од пасош.
4.индекс на увид,
5.една фотографија пасошки формат и
6. Потврда за уплатени трошоци за пријавување (примач: Наром Травел, 210-0496764001-66, деп.
Тутунска Банка - АД Скопје; цел на уплата: Летна работа во САД 2015).

Сите податоци од пријавата мора да бидат точни и читко напишани (внесените податоци се пренесуваат на формуларот ДС 2019, врз основа на кој се добива J-1 виза). За точноста на податоците кандидатот одговара морално и материјално.
Спонзор организацијата го задржува правото по потреба да побара и дополнителни документи. Сите студенти кои патуваат како друштво (пр.двајца или тројца заедно) во онлајн пријавата мора да наведат идентични податоци во однос на регионите и видот на работа, бидејќи во спротивно нема да бидат повикани од исти работодавци и се пролонгира времето на добивање работна понуда.
Со цел побрзо и полесно добивање на работна понуда пожелно е да се наведат повеќе опции за избор на работа. Колку е поширок изборот на работа, толку е побрзо вашето лоцирање на работно место.
По поднесувањето на писмената пријава, кандидатот ќе добие од агенцијата по пат на и-мејл шифра и упатство за пополнување со цел да се пополни електронската пријава.задолжително е да се проверува вашата и-мејл адреса и онлајн пријава секој ден.
По пополнувањето на електронската пријава и прикачување на комплетната документација, следува интервју на агенцијата со кандидатот со цел проверка на англискиот јазик.
За приемот на кандидатот на програмата, конечната одлука ја носи Спонзор организацијата од САД.